Bojan Marichikj
Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.10.25 10:35:09 +02'00'

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда м-р Бојан Маричиќ донесе

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-1183/9
22-10-2021 20
Скопје/Shkup

# ОДЛУКА

## за избор во поедноставена отворена постапка за набавка на стоки објавена со оглас број 10631/2021

1. За најповолен понудувач за **набавка на стоки – Набавка на ИТ опрема, се избра:**

**„ Дел 1 - Персонални и преносни компјутери - Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје**

**Дел 2 – Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје "**

2. Се задолжува Секторот за општи работи да ја спроведе оваа одлука.
3. Со донесување на оваа одлука, со Решение број 08-917/25 од 02.09.2021 година, заведено под број 05-1183/8 од 10.09.2021 година од Државната комисија за жалби по јавни набавки, престанува да важи Одлуката за избор број 05-1183/6 од 18.08.2021 година - за дел 2 од постапката.
4. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година и измената на Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/2 од 22.06.2021 година, Комисијата за јавните набавки при Министерството за правда спроведе поедноставена отворена постапка за **набавка на стоки – Набавка на ИТ опрема**.

По спроведената постапка Министерството за правда донесе Одлука за избор број 05-1183/6 од 18.08.2021 година и истата беше обжалена (само за дел 2 од постапката) од страна на економскиот оператор АПОЛО Ратко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Државната комисија за жалби по јавни набавки донесе Решение број 08-917/25 од 02.09.2021 година, заведено под број 05-1183/8 од 10.09.2021 година. Со Решението Државната комисија за жалби по јавни набавки ја поништи Одлуката за избор број 05-1183/6 од 18.08.2021 година и предметот го врати на повторно постапување и одлучување на договорниот орган.

Со оглед на тоа што жалбата се однесуваше само за Дел 2 од постапката, повторна евалуација се спроведе само за дел 2.

Министерството за правда врз основа на спроведената повторна евалуација, по спроведување на поедноставена отворена постапка, согласно член 49 од Законот за јавните набавки, по разгледување на доставените 8 (осум) понуди од страна на 8 (осум) економски оператори преку ЕСЈН, каде за дел 1 беа поднесени 3 понуди, а за дел 2 беа поднесени 6 понуди, како и согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено во Министерството за правда по спроведена поедноставена отворена постапка за набавка на услуги објавена со оглас број 10631/2021.

**Правна поука: Против Одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија**

**Министер за правда**
**м-р Бојан Маричиќ**

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска, раководител на сектор